Судиска Комисија

ВЕ ПОКАНУВА НА ГОДИНЕШНИОТ

# „СЕМИНАР ЗА КОШАРКАРСКИ СУДИИ И ДЕЛЕГАТИ – ОХРИД 2010“

Семинарот за кошаркарски судии и делегати - Охрид 2010, преставува годишен собир на сите кошаркарски судии и делегати од Македонија, на кој се презентираат новините, измените, дополнувањата на кошаркарските правила, интерпретации на правила, механика и техника на судење, како и пропозиции за натпреварување. Семинарот служи за надополнување на знаењата на судиите и делегатите, како и за тестирање на истите.
Оваа година, како и минатата, Семинарот ќе се одржи во хотел „Силекс“ – Охрид, во периодот од 17-ти до 19-ти септември 2010 година.

Главна тема на овој Семинар, ќе бидат **Измените на Правилата 2010**, кои стапуваат на сила на **01.10.2010** година

Како и секоја година, така и оваа, Судиската комисија на Македонија се погрижи да повика некои од еминентните имиња од европската (Fiba Europe) и светската (Fiba World) куќа на кошарката. На семинарот, како гости предавачи ќе бидат:

- **Mr. William Jones** (Wales), Fiba Europe Instructor
- **Mr. Valentin Lazarov** (Bulgaria), Fiba World Technical Commission Advisor

Предавачите ќе се престават со свои теми за промените во Правилата и Механика на судење. Семинарот е задолжителен за сите кошаркарски судии и делегати, кои по завршувањето на теоретските предавања, ќе бидат тестирани, и тоа:

**1. судии**
- теоретски тест од познавање на Правилата
- легер тест за физичката подготвеност (за овој тест, секој судија потребно е да приложи лекарско уверение од овластена спортска установа)
- мерење на BMI (Body Mass Index)

**2. делегати**
- теоретски тест од познавање на Пропозиции за натпреварување и Правилата

Тестовите се елиминаторни, што значи сите оние кои нема да ги положат тестовите, истите нема да бидат на листата за активни судии или делегати за првиот дел од натпреварувачката сезона 2010/11.

Сите судии и делегати, при пристигнување во хотелот на 17-ти септември, потребно е да ги подмират трошоците за 3% и котизација за семинарот.

Со почит,
Судиска комисија на МКФ

Судиска комисија на МКФ
Асоцијација на кошаркарски судии и делегати